**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
**од Седмата седница на**
**Националниот совет за евроинтеграции**
**одржана на 14.03.2012 година**

**(заедничка седница со Комисијата за европски прашања**
**на Собранието на Република Македонија)**

**Скопје, март 2012 година**

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Седмата седница на Националниот совет за евроинтеграции и Четиринаесеттата седница на Комисијата за европски прашања на Собранието на Република Македонија (заедничка), одржана на 14 март 2012 година, сала Борис Трајковски**

Седницата се одржа во салата Борис Трајковски во Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,17 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Хајрула Мисини, претседател на Комисијата за европски прашања.

**Хајрула Мисини:**

Почитувани членови на Комисијата за европски прашања, почитувани членови на Национален совет за евроинтеграции, почитувана госпоѓа претставник на Европската комисија, госпоѓа Курте, потоа почитувани претставници на медиумите. Ја отворам заедничката седница на Комисијата за европски прашања и Национален совет за евроинтерграции на Собранието на Република Македонија. денешната седница е четврта заедничка на овие две тела. На заедничката седница покрај членовите и претставниците на Национален совет за евроинтерграции и членовите на Комисијата за европски прашања поканети се и преставници од делегацијата на Европска унија во Македонија и претставници на амбасадите на земјите членки на Европска унија чие што присуство го поздравувам.

Со оглед на тоа што се присутни мнозинството членови на Комисијата за европски прашања може да работиме и да одлучуваме полноправно. Поканата со дневниот ред и материјалот по точката од дневниот ред ви се доставени по електронски пат. За денешната 14-та седница на Комисијата за европски прашања го предлагам следниот дневен ред:

1. Информација за реализираните активности од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија Ревизија 2011, за периодот 01.10.2011 до 31.12.2011 година.

Ве поканувам да гласаме за дневниот ред и тоа само членовите на Комисијата за европски прашања.

Кој е за?

Благодарам.

Сега бидејќи овие заеднички седници ги имаат овие технички проблеми, сега и давам збор на госпоѓа Шеќеринска за истото да предложи пред членовите на Национален совет за евроинтерграции.

**Радмила Шекеринска**:

Дневниот ред на Национален совет за евроинтерграции ја има истата единствена точка на дневниот ред, меѓутоа дополнително предлагам да ги усвоиме и записниците од 3-та, 4-та, 5-та и 6-та седница.

Ги повикувам членовите на Национален совет за евроинтерграции со гласање да се изјаснат по предложениот дневен ред на оваа седница на Национален совет за евроинтерграции.

Кој е за?

Дали има некој против?

Воздржан.

Во тој случај констатирам дека ќе работиме по овој дневен ред.

Записниците од 3-та, 4-та, 5-та и 6-та седница ви беа доставени заедно со материјалите за седницата на Национален совет за евроинтерграции.

Дали има некои предлози за измена или дополнување на записниците?

Ако нема тогаш предлагам да гласаме заедно по сите записници, бидејќи нема никакви забелешки.

Кој е за усвојување на овие записници? Благодарам.

Дали има некој против?

Воздржан.

Во тој случај констатирам дека се усвоени записниците од 3-та, 4-та, 5-та и 6-та седница на Национален совет за евроинтерграции и во тој случај предлагам на претседателот на Комисијата за европски прашања господинот Мисини да продолжиме со заедничката и единствена точка на дневен ред.

**Хајрула Мисини**:

Благодарам госпоѓа Шекеринска.

Ве известувам дека вицепремиерот задолжен за европски прашања во Владата на Република Македонија госпоѓа Теута Арифи како преставник на Владата на Република Македонија не информираше дека нема да биде присутна подари активностите кои што треба да ги подготви за утрешната средба со господинот Фуле. Во спротивно сакам да и укажам дека поделени се пријави за дискусија и ќе ве замолам да се пријавите со пополнување на формуралот за да може да има редослед на дискусиите.

Почитувани, владината три месечна информација во кои што спаѓа и последната година е обврска на Владата согласно Декларацијата за поднесување на барање за членство во Република Македонија во Европска унија што Собранието на Република Македонија ја донесе во февруари 2004 година, а која што оваа Влада навистина доследно ја почитува. За мене овие информации е можност да се разговара за сработеното или пак несработеното во ова тромесечје, меѓутоа и да послужат како основа за покренување на дискусии за приоритети на Владата во однос на евроинтегративните процеси во земјата. Оваа седница се одржува во престрет на утрешниот состанок во Скопје каде што се очекува отпочнување на високиот дијалог меѓу Република Македонија и Европска унија, меѓутоа исто така и во пресрет на усвојување на Предлог резолуцијата за напредок во 2011 година на Република Македонија од страна на европскиот Парламент кој исто така заседава во Стразбур. Поради сето ова дозволете ми да ги поздравам отпочнувањето на високиот дијалог меѓу Скопје и Брисел за поглавјата 23 и 24. Ова се поглавјата за кои што имавме забелешки и во последниот годишен Извештај за напредокот на земјата, а се однесуваат на правосудството и фундаметалните права, правдата, слободата и безбедноста. Знаеме дека тоа се најтешките поглавја кои сеуште се актуелни и во Хрватска која што ги затвори преговорите, па дури и во некои од поновите земји членки на Унијата. Поради ова со почетокот на подобрување на состојбите во овие области ќе имаме време да го надминеме и фактот дека сеуште на сме почнале со преговорите. Европскиот совет во неколку наврати не ја повтори препораката на Комисијата за отпочнување на преговорите за членство во Унијата, меѓутоа треба да се има предвид фактот дека три години имаме препораката за

отпочнување што преставува еден вид на потврда дека земјата работи во однос на потребните реформи. Да не се повторувам, сите знаеме дека датум не добивме поради нашиот долгогодишен спор со употребата на уставното име на земјата, грчката блокада на сите ни е добро позната. Дозволете ми да ве потсетам дека овие наши напори за приближување кон европските вредности се препознаваат и валолизираат и во последната Предлог резолуцијата за напредок во 2011 година на Република Македонија од страна на европскиот Парламент каде што се повторува до Советот на Европска унија за одредување на датум на преговори за пристап во унијата без одлагање.

Исто така во Предлог резолуцијата нотиран е извесен напредок во имплементацијата во Охридскиот рамковен договор во однос на имплементацијата на Законот за јазиците, децентрализацијата и правичната и соодветна застапеност и тоа понатаму останува да биде суштински елемент на демократијата и владеењето на правото на земјата. Дека има позитивни моменти во нашиот интегративен процес покажува и констатацијата во оваа Резолуција со која се потврдува дека земјата продолжува да ги исполнува обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација поради што Предлог резолуцијата за напредок во 2011 година на Република Македонија и понатаму предлага преминување во втората фаза од процесот на асоцијација и го охрабрува Советот да дејствува по ова прашање без понатамошно одлагање. Според денешните информации Предлог резолуцијата е дополнета со нови 24 точки каде што се опфатени околу 60 амандмани со компромис што секако ќе ја смени содржината. Меѓутоа главните поенти сепак остануваат, како пример датумот за почеток на преговорите, преминувањето во следната или втора фаза во процесот на стабилизација и асоцијација, се повикува билатералните спорови да не се искористува за попречување на процесот за зачленување, исто така и за евроинтеграција. Овие моменти се многу битни и понатаму остануваат дел од оваа Предлог резолуција.

Во однос на прашањето на името сосема е јасно истакнато и барањето да се работи според моделот на решавање на спор меѓу Хрватска и Словенија што како модел го предложи и нашата Влада и заради вистината има многу забелешки критики во однос на слободата на медиумите, потоа независноста на судовите, партизација на јавната администрација, потоа критика за недоволна борба против

корупцијата, промоција на националните, етничките и културниот идентитет, потоа критики во отсуство на подобрување на образовниот систем, нови и стари амандмани. Меѓутоа тоа што е најбитно е за нас е тоа што евроинтегративниот процес продолжува понатаму. Да се надеваме дека утре ќе имаме позитивна Резолуција за Македонија. Благодарам.

Сега и давам збор на госпоѓа Шекеринска.

Пред да почнеме со дискутантите збор и давам на госпоѓа Бонева, повелете.

**Силвана Бонева**:

Благодарам претседателе, задоволство ми е што можеме денес да расправаме и двете комисии на еден толку важен ден кога на друго место во Европа се бие исто така битка за Република Македонија од страна на господинот Ховит и кога тој исто како и ние овде со сето срце и со целокупната своја енергија ја брани Резолуцијата за Македонија. Како што кажавте, горди сме што имаме пријатели поддржувачи и луѓе кои што гледаат што прави Република Македонија и кои што ја гледаат потребата од интегрирање на Република Македонија во големото европско семејтво и бараат начин како Република Македонија да може да го премости овој период додека да се реши проблемот со името, иако свесни на тоа дека ќе биде попречена Република Македонија во нејзиното интегрирање сепак господинот Ховит препорачува, заедно со парламентарците дека Република Македонија треба итно да започне со преговорите, меѓутоа знаеме дека реалноста е друга и дека ќе имаме еден повисок степен на дијалог со Европската унија тоа е висок дијалог за поглавјата 23 и 24, тоа се клучните поглавја кои што треба да ги усогласиме со законодавството на Европската унија, да работиме интензивно, поглавја кои што најчесто се посочуваат како слабост на Република Македонија токму од тие причини добро е тоа што не е замена тоа за почеток на преговорите меѓутоа сепак е сериозна подготовка и ангажман на целокупното и општествен потенцијал за насочување на целокупната општествена енергија за исполнување на критериумите кои што се бараат од нас. Во овие поглавја самиот факт што Република Македонија ги исполни критериумите, зборува за тоа дека денес се борат за нас во Европскиот парламент да помине резолуцијата, да помине резолуција во која што Република Македонија и придавката македонски ќе се врати во европските документи и тоа е еден чекор напред. Исто

така тоа што стои во резолуцијата дека билатералните спорови не треба да го попречуваат интегрирањето на Република Македонија во меѓународните организации исто така значи многу за нашата земја, но имајќи ја во вид реалноста, имајќи го во вид консензусот кој што се одлучува во Европската комисија свесни сме дека датумот за преговори во моментот не можеме да го добиеме, но искрено се радувам  на резолуцијата која што значи силна поддршка на Република Македонија и признание за чекорите кои што ги прави земјата и признание дека не треба Република Македонија да се попречува на нејзиниот пат во нејзиното интегрирање во меѓународните институции, со самиот факт што јасно е кажано дека билатералните спорови не треба да го попречуваат интегрирањето на Република Македонија. Наша обврска тука како пратеници, како членови на Комисијата за Европски прашања, како членови на Националниот совет за евроинтеграции ќе биде уште по фокусирано да го следиме работењето на Владата во тој дел, меѓутоа и самите со наши иницијативи и со уште поголем ангажман, да работиме во овие области кои што ќе бидат предмет на високиот дијалог, областите 23 и 24, и со наше заедничко учество и поттикнување на Владата на Република Македонија да можеме што поголем број на закони да усогласиме со законодавството на Европската унија, не само од овие поглавја, туку сите обврски кои што ги имаме превземено. Во периодот што е пред нас и Информацијата можеме да видиме дека доставени се 35 закони во собраниска процедура, од законите кои што требаше да пристигнат, а донесени се 201 подзаконски акт, мора мора да кажам дека треба многу повеќе да се фокусираме сите почнувајќи од главата до Собранието на Република Македонија за изработка и усогласување на нашите закони со законодавството на Европската унија. Јас сум убедена дека денешниот и утрешниот  ден ќе бидат силен поттик за нас, силен поттик за Република Македонија да продолжиме многу поинтензивно да работиме на европската агенда. Не би сакала повеќе да одземам од времето, да си посакаме сите среќа, да си посакаме сите да имаме што поголеми пријатели за поддршка на Република Македонија, и да може да имаме резолуција онаква каква што беше донесена на Комисијата за надворешни прашања и тоа би значело исто така силен поттик на Република Македонија во нејзиниот пат за евроинтегрирање.

**Хајрула Мисини:**

И благодарам на госпоѓа Бонева.

Збор има пратеникот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:**

Почитувани претседатели на двете комисии, почитувани пратеници, гости,

Сакам да се вклучам во расправата од извештајот, информацијата за реализација на активностите од страна на Владата, парламентот и сите други субјекти што се вклучени во реализација на врските кои значат приближување и до европското законодавство но и европските стандарди.

Јас на почетокот сакам две работи да нагласам. Овде пред Комисијата за надворешна политика, за европски прашања, Националниот совет за евроинтеграции, покренав и пред Парламентот на два предлоза кои што сега добија поширока верификација.

Прво во три наврати предлагав да започне пред пристапен дијалог, независно од тоа што имаме блокада на тој процес и господинот Фуере но и другите претпазливо настапуваат кон тие идеи и предлози, сега гледам дека тој предприфатен дијалог е започнат, ќе започне на највисоко ниво, се разбира дека многу други претходни и после тој состанок утре ќе работат на  реализација на нашите обврски. Тоа е една сатисфакција затоа што сме презентирале и втора работа која што посебно сакам да ја потенцирам, бидејќи процесите за приближување до европските стандарди се блокирани, поради неразрешениот спор со Република Грција, добро е што стратегијата на Демократскиот сојуз која што не собра сили парламентот да расправа, стратегијата за фазно решавање, добива меѓународна верификација, и сега колку што ги следам информациите кои што ги добиваме и господинот Метју Нимиц предлага фазно етапно решавање на спорот со Република Грција. Значи, две работи сепак се прифатени и добија поширока верификација.

Околу информацијата сакам на неколку работи да се осврнам.

Прво мислам дека добро е што се отвораат 23-то поглавије и 24-то, тие се области каде што ние самите коснтатираме бројни слабости, а и силни определби дека тука работите треба да се менуваат на подобро. Сметам дека состојбите во

судскиот систем во целина треба да бидат предмет на една пошрика анализа, и во Парламентот и пошироко. Овде мислам дека пред се треба да се анализира работата на Републичкиот судски совет, кој што има обиди да биде политички истомеханизиран, бидејќи силни се притисоците преку него да се врши избор и разрешување на судии со политичко влијание. Тука треба да се отвори една расрпава, но исто така преку Судскиот совет, има обиди да се влијае на процесот на волја на постапките и мислењето на одлуките од страна на судиите. Така да мислам дека ние треба да расправаме, сигурно дека има тука значајни реформи, но сеуште до крај не се завршени, добро е што ќе се отвори расправа меѓу 23-то поглавје и ќе се разговара отворено.

Втора работа околу владеење на правото, безбедноста, мислам дека е добро и тоа предлагам овие две комисии на Комитетот заедно со Комисијата за европски прашања да можеби да ги потврдиме или да ги поддржиме заклучоците на Комитетот за односи помеѓу заедниците во функција на стабилизирање на состојбите во Република Македонија. Јас овде сакам неколку работи, прво мислам дека најенергично треба да ги отфрлиме сите оние обиди да се наметне дека Република Македонија е нестабилна држава, Република Македонија е стабилна, уште повеќе треба да ги отфрлиме тие тези кои што се пласираат во јавноста, кои силно влијаат на размислувањето кај граѓаните, дека постојат меѓународни центри со конспирации, стратегии, сценарија за дестабилизација на Република Македонија. Не постои таква стратегија Република Македонија е стабилна држава, а проблемите што ги имаме тие самите внатре си ги создаваме и потоа бараме подршка од надвор да се вклучат и странските фактори за да ги решаваме. Така да мислам дека треба да упатиме јасна порака дека внатрешните проблеми што се создаваат преку овие насилства, дека ги осудуваме и бараме државните институции да продолжат со енергични мерки се со цел да владее правото и правната држава во Република Македонија и да се намалува партиското влијание над сите тие институции.

И се разбира дека е битно да се расправа веќе и практично е добро што е отворен тој дијалог околу состојбите во медиумите, кој што можеби се најлоши од осамостојувањето на Република Македонија како самостојна држава, значи влијанието на сопствениците на медиумите се огромно изразено и многу тешко преку медиумите можеме да дојдеме до фактите, до вистината и добро е што има

иницијативи за декриминализација на клеветата и навредата,  но исто така мораме да обезбедиме значи врвните цивилизациски чесни вредности, тоа е вистината и достоинството на секој граѓанин да биде заштитено.

Еве тие се моите  укажувања.

**Хајрула Мисини:**

Благодарам.

Збор има Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:**

Благодарам почитуван претседателе на двете тела, колешки и колеги пратеници, веројатно бидејќи нема ниеден претставник, ако не грешам, од Владата. Сите досегашни дискутанти, што ме радува, зборуваа за актуелниот момент во кој што се наоѓаме и јас ќе ми дозволите да акцентирам неколку работи кои што мислам дека денеска требаше овде да бидат расправани.

Прво, почитуван претседателе Хајрула Мисини мислам дека вие денеска не требаше да сте овде, требаше да сте каде што се брани Резолуцијата. Е сега госпоѓа Бонева знае дека господинот Ховит со цело срце ја брани Резолуцијата, ама не знам дали има прочитано. Јас ќе се израдувам што госпоѓа Бонева ги подржува точките кои што ги пишува овде во Резолуцијата бидејќи тоа се едно десетина барања што ги има опозицијата и независните институции во Република Македонија и ме радува што госпоѓа Бонева со срце и со мислите е во Стразбург бранејќи ги тие позиции.

Второ мислам дека е неодговорно Собранието на Република Македонија особено Националниот совет за евроинтегарции и Комисијата за европски прашања да не биде удостоено денеска од претставник на Владата кој што ќе ги каже позициите на Владата на Република Македонија пред утрешното доаѓање на господинот Филе. Значи ние сега, јас се сложувам со господинот Трајанов можеме да зборуваме за овие 80-тина страници кои што се однесуваат на октомври-декември 2011 година, ама ќе се сложите работите се сменија од октомври 2011 година. И затоа јас нема да зборувам за тој дел бидејќи мислам дека би било неодговорно.

Тука ние денеска требаше да слушнеме зошто политиката на Владата на Република Македонија доведе да наместо, покрај тоа што се зборува за поглавјата

23 и 24 во кој што е состојбата најкатастрофална и некој не доаѓа тука да зборува бидејќи е добра работата, баш затоа што е најлоша во тие области. Ние како мајстори си додаваме уште нешто плус и денес кога ги читаме пораките на господинот Филе од пред два дена тој утре ќе зборува и за меѓуетничките односи за имплементација на Охридскиот рамковен договор.

Значи ние самите со погрешната политика на Владата на Република Македонија си додаваме нови задачи и нови прашања и мислам дека е политички неодговорно денеска да нема кој да ни каже со кои ставови и позиција утре ќе биде претставувана Владата, затоа што личниот шеф на кабинет на премиерот Груевски во Колумна зборува на еден начин за Албанците во Република Македонија, а вработениот шеф на кабинет на Ахмети зборува со визави контра речник на личниот шеф на кабинетот на Груевски. Ама двајцата си се во Влада и Груевски и Ахмети.

Денеска треба да зборуваме за позициите што се случува во судството, а денеска имаме два типични примери дека ќе биде пресудата за пајажина, процес кој што и те како е поврзан со состојбата на медиумите во Резолуцијата и второ имаме фарсата околу инцидентот на Кале каде што актерите седат пред судницата и не влегуваат внатре, наводно и фалат некои сведоци, нормално процесот се одложува за некое идно време, а другите процеси се одвиваат од ден за ден се закажуваат. И затоа во услови кога Владата, не сакав за тоа да зборувам, го одбива предлогот за реформите во обвинителството и организираниот криминал и кои ингеренции да се пребацат, тие одговори денеска требаше да ги имаме ние овде на маса, како и со кои ставови ќе излезат утре нашите претставници пред господинот Филе.

Јас , ме радува што госпоѓа Бонева со, ја цитирам, со срце и со мисла е со бранењето на Резолуцијата на господинот Ховит и се надевам ќе ги имплементира дел од работите што ги пишува во Резолуцијата, а во неа пишува Владата на пример, да престане со провокации и со изјави кон соседните земји. На пример, заеднички се надевам ќе работиме на имплементацијата на делот каде што вели дека мора да се обезбеди еднакво и рамноправно преставување на владините реклами во медиумите, а не форсирање на свои и тука благодарам госпоѓо Бонева што ја имаме вашата поддршка. Благодарам што со срце и мисли сте во оценката на Европскиот парламент, дека ситуацијата во медиумите е загрозена и дека има силен притисок кон медиумите.

И денеска требаше тука да слушнеме информација, различните ставови на премиерот Груески и на госпоѓата Теута Арифи околу декриминализацијата на клеветата како ќе бидат претставени утре, која верзија утре пред господинот Филе ќе ја имаме, да премиерот или на заменик премиерот бидејќи сериозно тука се акцентирани во точките од Резолуцијата. Не би сакал, има многу точки Резолуцијата да го одземам времето. Ме радува што координарот на најголемата пратеничка група односно на ВМРО-ДПМНЕ со срце и мисли ја подржуваат оваа Резолуција.

Сакам да нагласам само уште една работа, а тоа е дека ја поздравувам одлуката на Владата да ги имплементира препораките на ОБСЕ од Извештајот за предвремените парламентарни избори во 2011 година и тука ја подржувам особено во делот каде што се вели дека мора да се направи целосна ревизија и исправка на избирачкиот список, се разбира ОБСЕ вели по спроведување на пописот во октомври 2011, а во Резолуцијата и тоа ги пишува госпоѓо Бонева и благодарам што стоите дека мора да се направи попис по европски стандарди и да не се маргинилизираат етничките заедници во Република Македонија. Благодарм што го подржавте, практично тоа беше предлогот на СДСМ овде во Собранието, само сега ме радува што го прифаќате нашиот предлог и дека мора да се изврши анализа на гласањето во дијаспората. Јас и затоа и СДС учествуваат во тие управувачки комитети. Работни групи во рамки на Управувачкиот комитет, едниот за Изборниот законик, другиот за Избирачкиот список затоа што според нас а и она што го вели ОБСЕ, тоа го пишува и во Резолуцијата мора да се изврши целосна ревизија на избирачкиот список и мора да се дефинира што е состојбата со граѓаните кои претстојуваат во странство. Тие препораки од ОБСЕ и решеноста на Владата да ги имплементира заедно со рамноправното медиумско претставување односно рамноправното распределување на средства од Буџетот кон медиумите согласно критериуми што беше едно барање пред 2011 се сеќавате, се дел од активностите што Владата ги превзела на себе и се надевам за тоа ќе читаме дека успешно се справува во следниот тромесечен извештај. Благодарам.

**Хајрула Мисини:**

Ви благодарам.

Господине Јани вие сте сведок, а и ние сме сведоци дека госпоѓа Теута Арифи никогаш не се двоумела да дојде тука, секогаш била присутна кога сме ја поканиле и ќе биде подготвена да дојде и следниот пат, а што се однесува на активностите по периодот што го опфаќа информацијата за активностите од последното тромесечие ние ќе ја поканиме со посебна точка и госпоѓа Теута и сите тие што се во процесот и кои што се одговорни за евроинтеграциите.

Има збор господин Александар Спасеновски, повелете.

**Александар Спасеновски:**

Почитуван претседателе на Комисијата за европски прашања и почитувана претседателке и почитувана заменик претседателке на Националниот совет за европски интеграции, почитувани претставници на дипломатските и на конзуларните претставништва во Република Македонија, почитувани претставници на средствата за јавно информирање, почитувани колеги пратеници.

Прилично дивергентна расправа денеска водиме во оваа сала во Собранието на Република Македонија и впрочем тоа е прилично нормално и прилично во ред, заради фактот што самиот процес на Европски интеграции сам по себе претставува процес кој што се однесува на целото општество и согласно тоа извираат и позициите на политичките партии кои согласно некој имаат разбирање за процесите кои што се одвиваат ги подржуваат и ги афирмираат. Се разбира тука овој дом служи и за манифестирање на определени сугестии и критики кои што најчесто заради природата на парламентарната демократија во Македонија доаѓаат од страна на опозицијата, не негирајќи го сето тоа кое што беше споменато од едната и од другата страна, од страна ќе се обидам бидејќи и таква е оваа расправа да фрлам

светло на некои теми кои што сметам дека не беа покриени во дискусиите на дел од колегите, а кои што имаат голема врска со Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, но во крајна линија овој процес сам по себе има голема врска врска со целокупниот процес на Европски интеграции на Република Македонија.

Имено, клучното прашање на кое што сметам дека треба да дадеме одговор денеска е што го бележи извештајниот период на кој што се однесува Националната програма за усвојување на правото на Европската унија. Можеме да тргнеме од различни претпоставки меѓутоа, јас издвоив најмалку пет главни теми кои што го обележаа овој извештаен период и за кој што сметам дека треба сериозно, длабоко, темелно да се дискутира од страна на сите институции, работни тела во Собранието на Република Македонија, впрочем ние усвојувавме и заклучоци со кои што се обврзаа дел од пратениците тука да сугерираат до работните тела многу поголемо внимание да посветат на националната програма.

Значи што го бележи овој извештаен период. Јас ќе наведам неколку работи. Сметам дека овој извештаен период го бележи засилена односно динамизирана дипломатска активност од страна на Министерството за надворешни работи и од страна на Секторот за европски интеграции при Владата на Република Македонија. Се обидов да направам пресек на она што се нарекува динамизирана дипломатска активност во прилог на ова тврдење кое што го истакнав. Сметам дека особено важно да се земе предвид фактот дека во пресрет на усвојувањето на резолуцијата на Европскиот парламент во овој извештаен период додека се пишуваше резолуцијата, Министерот за надворешни работи оствари две средби во Брисел со евро пратеници пријатели на Република Македонија подржувачи на Република Македонија односно личности кои што имаат разбирање за потребата од проширување на Европската унија. Сметам дека овој факт треба да се сподели во пресрет на усвојувањето на резолуцијата.

Исто така, кога сме кај резолуцијата на европскиот парламент многу е важно да се спомене фактот дека на 21 февруари 2012 година Република Македонија беше посетена од страна на ,,Групата пријатели на Македонија,,  тоа е група членови на Европскиот парламент кои што исто така застанаа зад она што се нарекува европски амбиции на Република Македонија. Во таа смисла сметам дека од аспект на Република Македонија односот, дипломатската активност, контактите со Европскиот парламент преку Министерството за надворешни работи и соодветните тела во Владата на Република Македонија  навистина дојде до израз и верувам дека ваквите контакти ќе вродат со соодветен плод се разбира станувајќи крајно искрен и споделувајќи го фактот кој што беше споменат дека оваа држава сепак не е совршена и се уште има проблеми, кои што ќе бидат нотирани и од страна на Европскиот парламент. Значи првата карактеристика која што го бележи овој извештаен период е засилена дипломатска активност од страна на соодветните институции и тела во рамките на она што се нарекува систем на организација на државната власт во Република Македонија.

Во однос на самиот документ анализата на истиот го добивме на 90-тина страни, можеме да заклучиме дека Република Македонија во поголема или во помала мера редовно ги исполнува обврските, во помала или во поголема мера останува на патеката на она што се нарекува прилагодување на македонскиот со европскиот правен систем.

Исто така сметам дека клучниот збор кој што го употребувам прилично често во мојата дискусија зборот динамизирање, може да се употреби и на она што се нарекува разговори со Република Грција со посредство на Обединетите нации околу спорот со името. Сметам дека овој извештаен период го бележи и динамизирањето на процесот на разговорите околу името на Република Македонија како резултат на спорот кој што го имаме со Република Грција заради фактот што милион пати тука имаме повторено дека од исходот на разговорите со името во голема мера ќе биде

определена брзината на чекорењето на Република Македонија во насока на што поскоро зачленување во Европската унија. Во оваа смисла сакам да потсетам на посетата на медијаторот Метју Нимиц и исто така би сакал да потсетам на една работа, а тоа е дека во пресрет на посетата државниот врв на Република Македонија значи претседателот на Владата, претседателот на Собранието и претседателот на државата заеднички на координацијата заклучуваат најмалку три работи.

Прво, дека државата Република Македонија останува цврсто посветена за надминување на прашањето за името, тоа можеме да го прочитаме во соопштенијата,

Второ, дека конструктивно ќе учествува во процесот на разговори и

Трето, дека истото тоа го очекува од страна на Република Грција.

Метју Нимиц дојде во Република Македонија, дојде во Скопје, раговараше со високи државни претставници, потоа замина во Атина.

Во однос на целиов процес би сакал да споделам уште една изјава дадена во декември 2012 година од страна на медијаторот Нимиц, која што се однесува на пресудата на судот во Хаг бидејќи оваа пресуда фрла радикално ново светло врз карактерот на преговорите, бидејќи Република Македонија има и формална потврда за сопствените позиции, а тоа е дека медијаторот Нимиц како што се вели на пресудата во судот во Хаг, гледа како на можност за поведување на нови иницијативи за конечно, повторувам за конечно решавање на прашањето за името. Значи во светло на овие разговори и овие изјави, посети итн, на Метју Нимиц сметам дека можеме да го извлечеме заклучокот а тоа е дека овој извештаен период меѓу другото го бележи и динамизирање на процесот на разговорите околу името на Република Македонија. Овој извештаен период ќе го одбележи и почетокот на високиот дијалог со Европската унија  за поглавјата 23 и 24 за тоа не би сакал да говорам бидејќи веќе мои колеги говореа во однос на оваа тема.

Исто така, овој извештаен период ќе ја обележи и резолуцијата на Европскиот парламент за која што дадов свое мислење на почетокот од мојата дискусија и исто така  сметам дека особено важно да се спомене дека овој изврштаен период меѓу другото ќе го обележи една нова работа, а тоа е дека Република Македонија малку позасилено од порано, можеби поконцентрирано од порано со далеку поголемо внимание ќе посвети на натамошното менаџирање намеѓуетничките односи во светло на последните инциденти кои што се случуваа во Република Македонија. Значи  да заклучам сметам дека овој извештаен период меѓу другото го бележи динамизирана дипломатска активност, динамизирана активност во однос со спорот со името, редовно остварување приоритети на националната програма, почетокот на високиот дијалог, резолуцијата на Европскиот парламент и меѓуетничките односи во светло на последните инциденти. И, врз основа на сето тоа можеме да извлечеме еден генерален заклучок  дека Република Македонија имајќи ги предвид политичките околности во светло на спорот со името се обидува да ја придвижи и натамошно да ја засили модернизацијата на општеството во услови на нерешен спор со името. Впрочем, имајќи ги предвид овие политички консталации тоа е клучното прашање кое што треба да си го одговори Република Македонија.

Од друга страна Република Македонија, властите, државата, пратениците, Собранието сметам дека во овој извештаен период останаа на висината на задачата останувајќи целосно посветени на разрешување или придвижување во позитивна насока на разговорите со Република Грција околу спорот со името. Меѓутоа она што сметам дека е особено важно е да се  продолжи на овој пат, да се продолжи со оваа енергија бидејќи клучната цел на европските интеграции е модернизација на македонското општество, а не членството само по себе.

И, исто така би сакал за заклучам дека е особено важно од денеска до следната расправа би рекол на Комисијата за европски прашања и Националниот совет за

европски интеграции меѓу другото да посветиме и поголемо внимание и на менаџирањето на етничките односи во Република Македонија. Благодарам.

**Хајрула Мисини:**

Ви благодарам.

Збор има госпоѓа Шекеринска, повелете.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Дозволете ми со неколку збора сепак да се осврнам и на самата информација и на текстот кој што го добивме, затоа што целта на овие дискуси е да видиме кои работи ги грешиме и да дадеме некоја перспектива за следниот период. Јас по втор пат ќе апелирам и тоа ќе биде пренесено и до претставниците на Владата дека треба да се ревидира начинот на кој што се испишуваат овие информации. Целта не е да напишеме 80 страници од фактографија во која што ќе кажеме колку кој од Владата бил на каква конференција или семинар. Мислам дека тој тип на владин туризам не сакам да ги потценувам треба да се оди на тие конференции, семинари, ама тој тип на владин туризам ништо не кажува за тоа како и колку подобро функционира администрацијата, дали слабостите кои што сме ги имале во администрацијата, во судството или во другите области ќе се надминат или не. Ништо не кажува за услугите кои што ги добиваат граѓаните.

Јас би препорачала сериозно преиспитување на тоа како се пишуваат информациите. Во оваа информација она што ми недостасува е политичка боја и тон. Оваа информација е напишана за периодот од трите последни месеци во минатата година кога се случија сериозни, сериозни поместувања и во регионот и во Македонија. Факт е дека ние веќе се навикнавме Советот да не носи одлука за Македонија и да не даде датум за почеток на преговори. Меѓутоа во истиов овој

период неколку држави од нашето соседство направија неколку чекори напред и ние тоа треба да го земеме предвид кога ги анализираме состојбите во регионот и особено кога ги анализираме перспективите за Македонија. Овдека немаме одговор на клучното прашање каков е планот на Владата за да ги реши проблемите кои што се поставија пред нашиот пат. Но за тоа, по тоа.

Втората забелешка која што би сакала да ја кажам мислам дека ја спомнавме негдека и на крајот на минатата година е дека звоното за аларм мора да се вклучи особено во надлежните владини институции. Минатата година кога ние велевме дека сме многу амбициозни, дека многу ќе постигнеме, ни 50% од законите не успеавме да ги усвоиме бидејќи Владата не ни ги испрати до Собранието. 50% точно од подзаконските акти Владата и надлежните министерства успеале да ги донесат. Ако во оваа фаза не можеме да го наместиме пропуштеното, само секоја година ќе не чека уште купче на дополнителни подзаконски акти уште купче на дополнителни закони и мислам дека ова покажува замор на материјалот дека во голем дел од институциите овие обврски не се сметаат за сериозни. Ова што се однесува до текстот на информацијата и јас се надевам и очекувам дека таа која што ќе ја добиеме за првите три месеци од оваа година ќе биде видоизменета. Денеска не можеме да дискутираме, а да не го земеме предвид предпристапниот дијалог и да ги земеме предвид и Предлог резолуцијата во Европскиот парламент. Факт е дека во Европскиот парламент Македонија има една група на пратеници која навистина жестоко од се срце со многу симпатија ги брани нашите бои. Меѓутоа ајде денеска да бидеме искрени и да признаеме дека таа група со тек на време ни се тенчи, а дека нивниот ентузијазам се троши. И пораката која што ја добиваме, јас сум убедена секој од нас е дека пријателите ни бараат да им помогнеме за да ни помогнат бидејќи и самите тие тешко ги водат битките во име на Македонија во една ваква ситуација во нашата држава во која ништо позитивно не можеме да соопштиме ниту во Брисел ниту во Стразбур.

Јас би сакала, сакам да го поздравам како што сите го поздравија и во изминатиов период фактот дека утре ќе започне тој така наречен претпристапен дијалог меѓутоа мислам дека ќе згрешиме ако се релаксираме и кажеме па еве преговорите веќе почнаа како што функционираат одреден број на брифинзи во македонските медиуми.

Колеги пратеници, колеги претставници во Националниот совет ако ова беа преговори тогаш Владата утре оди без мандат на тие преговори. Затоа што согласно Одлуката за формирање на Националниот совет, за преговори треба да имаш платформа за преговори и таа платформа треба да му ја презентираш на Националниот совет пред да се сретнеш со комесарот или со било кој друг претставник на Европската комисија. За жал ова не се преговори и тие ќе ни помогнат да ги подобриме состојбит во оние области кои ни ги повторуваат уште од Санино листата, па после од страна на комесарот Филе, меѓутоа не можат да ги заменат преговорите и затоа од една страна треба да се вложат напори темите како што се медиуми, судства, администрација, корупција, политички дијалог, сега веќе обременети со неколку други да ги дискутираме ама да не се релаксираме дека сме ги добиле преговорите. Без почеток на преговори, без скрининг Македонија нема да може да влезе во втората фаза.

Втората забелешка која што би сакала да кажам е токму во поглед на коментарот кој што го даде ако не се лажам господинот Павле Трајанов. Тој ни соопшти вака: господинот Нимиц предлага фазно решение на името. Јас сега се прашувам дали господинот Павле Трајанов има информација која сите други ја немаме или како пратеник смета дека е во ред информациите за предлозите на Нимиц да ги добиваме од грчки медиуми бидејќи јас оваа верзија на предлогот на Нимиц ја прочитав само од пренесените извори на  Товима. Го користам ова само како вовед за да кажам дека е несериозно во држава која што шест години не може да почне преговори и држава во која два пати по ред се повторува препораката за

почеток на преговори, но не можеме да ги стартуваме преговорите заради спорот со името, несериозно е на таа тема, Собранието да е изгубено и Владата практично да не ја информира ниту јавноста, ниту избраните претставници на народот за тоа каде сме и што ќе правиме.

Значи за мене е неприфатливо да се информирам за предлозите на Нимиц од медиумите, а особено не од грчки медиуми и тие да ги сметаме за сериозни па да тераме овдека анализа и ќе ве подржиме сите пратеници од парламентарното мнозинство кое што барате на оваа тема да се дискутира во Собранието да, дебатата овде треба да се води. Јас се сеќавам дека пред две години ако не се лажам испративме покана и до премиерот Груевски да дојде на седница на Националниот совет, тоа беше предлог на еден од претставниците во Националниот совет и да дебатираме на оваа тема. Затворена, отворена, каква сакате седница, ама луѓе мои носиме одговорност за оваа држава, а притоа сме информирани колку било кој граѓанин во Македонија, а тој не е информиран воопшто.

И сметам дека информацијата од овој тип мора со нас да ја сподели Владата и овде во оваа сала да биде или премиерот или министерот за надворешни работи и ако веќе велиме тоа е единствениот камен на сопнување, зошто го прескокнуваме каменот, а цела држава заглавува на тој камен. Значи мора со тој камен да се занимаваме и за тој да дискутираме и да носиме одлуки или да носиме одговорност. И едното и другото.

Третата работа која што сакам да ја споменам се разбира тоа се однесува на овој нов проблем кој што повторно ни експлодира пред лице. Наместо да ги бришеме да ги решаваме проблемите кои што не се така малку на бројот од таа листа од Европската комисија иста листа која што ни ја даваат и граѓаните на Македонија, ние како да допишуваме проблеми. Сметам дека и досегашните реакции и досегашното политиканство од страна на најодговорните не носат во опасна зона. Дали Груевски и Ахмети договориле насилство не сакам тоа ни да помислам. Но мислам дека

политиките кои ги договараа Ахмети и Груевски лека полека така речи незабележано не доведоа до насилства. И сите шпекулации на тема кој друг од надвор од дома, домашните и странските непријатели кои што ни го организирале сето ова, се несериозни опасни и бегање од вистинскиот проблем. Ја поздравував и ја поздравив дискусијата на Комитетот за односи меѓу заедниците, меѓутоа верувајте тоа не е доволно. Една дебата во Парламентот без притоа да се види дека коалиционите партнери во власта кои ги влечат конците за овие работи ќе седнат и ќе се договорат да не играат на картата на национализам да не поттикнуваат индиректно насилство, се ова догово ќе падне во вода. Пораките кои што ги испративме од инцидентот на Кале сега дојдоа за да ги платиме со дивиденда. Пораките кои што ги испраќавме со претходното стимулирање на извици на национализам кај едни млади кај други млади, мижењето пред тој тип на насилие, денеска ни доаѓаат да ги платиме со дивиденда. И, за жал, таа тема нема да се избегне ни утре ни во следниот период. Македонија повторно ќе се третира и од аспект на меѓуетнички односи. Мислам дека е тоа голем чекор назад во однос на ситуацијата од пред неколку години.

Пред самиот крај сакам да кажам дека нашата дипломатска активност би сакала да е навистина зголемена, зајакната и поефикасна. Не можам да се сложам. Погледнете само што се случува со првите луѓе во Србија и во Црна Гора, споредете ги нивните агенди со агендите на нашиот премиер или министер и ќе видите дека Македонија и само иницијативно се става на маргините. Министерот за надворешни работи го посети Париз и замислете се сретна со портпаролот во Министерството за надворешни работи кој е одличен бивши амбасадор во Македонија, подржувач на Македонија, ама министер за надворешни работи не може да се задоволи со ваква средба. За мене и за сите пратеници кои што ги читаа потсетниците за односи со Шведска и Данска беше навистина загрижувачки да прочитаме дека премиерот и претседателот бараат неколку години средби на највисоко ниво во овие држави, а тие дипломатски ни молчат. Се се тоа пораки кои само наивни или неодговорни луѓе

ги премолчуваат и затоа приказната за засилена дипломатска активност за жал не е точна. Дури и ако го анализирате нашето Собрание мислам дека сериозно треба да ги преиспитаме нашите приоритети. Ако е приоритет Европската унија тогаш ние мора да ги мобилизираме сите групи за соработка со земјите членки на Унијата и сите особено Комисии за надворешна, Комисии за европски прашања кои што мора на кус рок да бидат присутни во Брисел особено вака на вакви денови кога се носат декларации.

И, на крај, Србија стана земја кандидат. Кога Македонија беше земја кандидат тие се уште размислуваа за нивната европска перспектива. Седум години поминаа од тогаш, притоа Србија не направи чекор од седум милји, туку ние седум милји ги отстојавме. Седум години не мрднавме од место. Црна Гора направи неколку чекори повеќе и се надева пролетта, се надеваме сите ние дека ќе ги почне преговорите за кои Србија ќе се амбицира веднаш после изборите. Почитувани колеги, Македонија беше неколку копја пред овие држави во поглед на европските интеграции. Сега ние стоиме и не знаеме што ќе се случи ни во следните седум години. Бевме засекирани кога стана јасно дека Македонија во 2010 нема да стане членка, а тоа беше нашата заедничка прва цел членство до 2010. Подготвени за членство до 2010. Сега веќе со ваквиот след на настани ја изгубивме и втората подгрупа на Западниот Балкан и Македонија ја пропушти и втората декада и веќе калкулираме со членство после 2020 година. За мене тоа е неприфатливо. Ако премиерот Груевски пред неколку недели излезе во јавноста и кажа дека нема членство во НАТО и нема членство во Европската унија  денес, меѓутоа исто така нема ни членство по пет години најмалку што треба да бараме е тој да дојде овде и да ни објасни како така лесно ја осуди Македонија на пет години самотија. Пет години тапкање во место. Да се даде таква изјава и да се замине на роуд шоу и ништо да не им се објасни на граѓаните и да не им се најави со каква политика ќе се справуваме со тој проблем е неодговорно, а ако

ние тоа го аминуваме или го одмолчиме мислам дека стануваме соодговорни. Благодарам.

**Хајрула Мисини:**

Ви благодарам госпоѓо Шекеринска.

Имајќи предвид дека се исцрпе листата на пријавени за оваа точка од дневниот ред, јас ја затворам заедничката седница на Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања.

Благодарам за вашето учество

Седницата заврши во 12.16 часот.